# ИЛИНДЕН

Македонско Друштво “Илинден” - Тирана
Shoqata Maqedonase “Ilinden” - Tiranë



ВЕСНИК НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО „ИЛИНДЕН“ - ТИРАНА

Јас го разбирам светот единствено како поле за културен натпревар меѓу народите - ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ

ГОДИНА XI | БРОЈ 55 | ТИРАНА - АЛБАНИЈА | www.vesnik-ilinden.com | ISSN 2522-4514 | ОКТОМВРИ 2022 ГОДИНА


Во овој број


**Страница 2**

ЧЕСТИТКА ОД МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ПО ПОВОД 11 ОКТОМВРИ – ДЕНОТ НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ

ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ ИЗГЛАСА РЕЗОЛУЦИЈА ПОДНЕСЕНА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА

**Страница 3**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ МУ ЈА ВРАЧИ ПОЧЕСНАТА НАГРАДА “ИЛИНДЕН” НА ХАЛИТ ХАБИП ОГЛУ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА ТУРЦИТЕ ОД ЗАПАДНА ТРАКИЈА ВО ЕВРОПА И ПОТПРЕСЕДАТЕЛ НА ФУЕН

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ МУ ЈА ВРАЧИ БЛАГОДАРНИЦАТА ”ИЛИНДЕН” НА МАТИЦ ГЕРМОВШЕК ЖНИДАРШИЧ, КООРДИНАТОРОТ НА РАБОТНА ГРУПА НА СЛОВЕНСКИ МАЛЦИНСТВА (АГСМ) ПРИ ФУЕН

**Страница 4**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА СО СВОЈ ШТАНД НА КОНГРЕСОТ НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ ВО БЕРЛИН

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ЗА ВРЕМЕ НА КОНГРЕСОТ ОСВАРИ СРЕДБИ СО ПРЕСТАВНИЦИ НА ФУЕН

**Страница 5**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО МИНИСТЕР СОВЕТНИК, ЉУФТИМ СПАХИУ ВО АМБАСАДА НА МАКЕДОНИЈА ВО ТИРАНА

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ВИ ЧЕСТИТА СРЕЌЕН 26 СЕПТЕМВРИ ДЕНОТ НА ЕВРОПСКИТЕ ЈАЗИЦИ

**Страница 6**

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ПРЕДЛАГА 21 МАЈ ВО АЛБАНИЈА ДА СЕ ПРОГЛАСИ ЗА ДЕН НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ДОСТАВИ БАРАЊЕ ДО ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА АЛБАНСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ДВЕ МАКЕДОНСКИ ОПШТИНИ, ГОЛО БРДО И ГОРА

**Страница 7**

ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ СЕ СРЕТНА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АЛБАНСКАТА АЛИЈАНСА ЗА ЕТИЧКИ МЕДИУМИ

ОРА ЊУЗ: ЖИТЕЛИТЕ НА ГОЛО БРДО БАРААТ ИНВЕСТИЦИИ ОД ВЛАДАТА

**Страница 8**

ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ: СЕ НАМАЛУВААТ ЛИ ЈАЗИЧНИТЕ ПРАВА ВО ЕУ?

**Страница 9**

МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА НИКОЛА ТУПАНЧЕСКИ ОСТВАРИ СРЕДБА ВАСИЛ СТЕЈРОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКАТА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

МАКЕДОНЦИТЕ ВО ТРЕБИШТЕ, ОБЛАСТА ГОЛО БРДО, СО ДВА НОВИ МОСТА И СЕРИОЗЕН АНГАЖМАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТИШТАТА

МИТРОПОЛИТОТ НА АПОЛОНИЈА И ФИЕР Г, НИКОЛАЈ ОД ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА НА АЛБАНИЈА ВО ПОСЕТА НА СВЕШТЕНАТА БИГОРСКА ОБИТЕЛ

**Страница 10**

СОВЕТОТ НА ЕВРОПА УСВОИ РЕЗОЛУЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ЕВРОПСКАТА ПЕРСПЕКТИВА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

**Страница 11**

ВО СЕЛО СТУДЕНО, ОБЛАСТА ГОЛО БРДО Е ПОСТАВЕНО ИНСТАЛАЦИЈАТА ВО ЦЕНТАРОТ НА СЕЛОТО СО ИМЕТО НА СЕЛОТО

УСПЕШЕН НАСТАП НА МЛАДАТА ПИЈАНИСТКА МАЗНЕЈКОВА ВО ТИРАНА


## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ МУ ЈА ВРАЧИ БЛАГОДАРНИЦАТА ”ИЛИНДЕН” НА ЛОРАНТ ВИНЦЕ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ




Претседателот на македонско друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај во рамките на ФУЕН Конгресот во Берлин му ја врачи Благодарницата ”Илинден” на Лорант Винце, претседател на Федералната унија на европските националности. “Огромна чест ми беше во името на Македонското друштво “Илинден”-Тирана и во името на Македонско национално малцинство во Република Албанија лично да му ја предадам на г-дин Лорант Винце, претседател на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) Благодарницата ”Илинден” доделено во 2020 година на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) поради ковид пандемијата се доделуваше во рамките на ФУЕН Конгресот во Берлин ”, рече Ѓурѓај. Г-дин Лорант Винце, се заблагодари во името на Федералната унија на европските националности (ФУЕН), г-дин Никола Ѓурѓај изрази надеж дека таа соработка и релации ќе продолжат и во иднина, и дека секоја негова заложба за Македонско национално малцинство во Република Албанија е добредојдена и високо ценета. Наградата “Илинден” е воведена по повод јубилејот 10 години постоење на друштвото. Се доделува на личности кои дале посебен придонес за животот, историјата, културата и зачувувањето на автентичните традиции на Македонците во Република Албнија.

## ЧЕСТИТКА ОД МАКЕДОНСКОТО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ПО ПОВОД 11 ОКТОМВРИ – ДЕНОТ НА НАРОДНОТО ВОСТАНИЕ




Македонското друштво “Илинден“-Тирана  упати честитка по повод 11 Октомври-Денот на народното востание Со голема почит кон загинатите борци, народни херои и дејци и на сите што ги дале своите животи во НОБ и Револуцијата, сите кои се втемелија во државноста и она што се нарекува независна и суверена Македонија, давајќи го најдрагото, својот живот, во името на Македонско друштво “Илинден“-Тирана Ви го честитаме 11 Октомври – Денот на Востанието на македонскот народ против фашистичкиот окупатор. Да го почитуваме и славиме овој голем ден, стои во честитката. Денеска, како што е наведено во честитката, да се потсетиме и да им оддадеме достојна почит на оние кои се бореа за слободата, потврдувајќи ја нивната пожртвуваност и патриотизам. До сите Македонци каде и да се на земјината топка порачуваме да ја сакаме и почитуваме како светост нашата татковина Македонија, порачува Македонското друштво “Илинден“

## ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ ИЗГЛАСА РЕЗОЛУЦИЈА ПОДНЕСЕНА ОД МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ЗА ПРАВАТА НА МАКЕДОНЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА АЛБАНИЈА



Федералната унија на европските националности (ФУЕН) на 66-от Конгрес што се одржуваше во германскиот главен град Берлин, едногласно усвои Резолуција за состојбата на македонското малцинство по парламентарната одлука за територијална реформа во Албанија, предложена од македонското друштво “Илинден“од Тирана, за Резолуцијата гласале сите 150 делегати, претставници на 103 организации од 35 земји во Европа. Целта на резолуцијата усвоена е подобрувањето на правата на Македонското национално малцинство во Република Албанија и зачувување на  македонската култура во регионите Голо Брдо, Мала Преспа, Гора и Врбник населено со чисто македонско население. Федералната унија на европските националности (ФУЕН) ја повикува Република  Албанија:

1. ФУЕН ја поздравува одлуката на Собранието на Република Албанија бр. 13/2022 ”За формирање на Специјална парламентарна комисија за административно-територијални реформи во Република Албанија“ и бара од Специјалната парламентарна комисија за административно-територијални реформи во Република Албанија да го поддржи формирањето на општина Голо Брдо и Гора. Во областа Голо Брдо, административните единици Требиште и Острен се дел од општина Булќиза, административната единица Стеблева е дел од општината Либраждд. Во областа Гора, административните единици, Шиштавец и Запот се дел од општина Кукс. Областите Голо Брдо и Гора се населена со македонско национално малцинство и има посебни карактеристики, а со формирањето на општина Голо Брдо и Гора ќе се заштити етничкиот, јазичниот, културниот и верскиот идентитет на македонското национално малцинство на овие простори. Истовремено, ќе се зајакне економијата на жителите и ќе се овозможи развој на областите Голо Брдо и Гора.

2. ФУЕН ја повикува Владата на Република Албанија да го почитува Законот за малцинства, донесен на 13 октомври 2017 година, бр. 96/20172 година и да донесе пропис предвиден во овој закон, со оглед на тоа што поминаа пет (5) години од донесувањето на Законот за националните малцинства.

3. ФУЕН го повикува владиниот комесар за заштита од дискриминација да работи на конкретно спроведување на сите прописи од Законот за малцинствата во Албанија.

4. ФУЕН ја повикува Владата на Република Албанија да го прогласи 21 мај – Светски ден на културната различност за дијалог и развој, за национален празник – Ден на националните малцинства во Република Албанија. Резолуција, Федералната унија на европските националности (ФУЕН) ќе ја достави до Владата на Република Албанија, шефот на државата, парламентот, комитетот за национални малцисства, комисарот за дискриминација, амбасади и меѓународните  институци. Македонско друштво ”Илинден”-Тирана од 16. 05. 2015 година е член на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) и стана прво друштво на Македонци надвор од матичната држава, во Европа, кое е рамноправен член, со право на глас. На Конгресот присуствувале претставници од 105 организации членки од 36 земји во Европа.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ МУ ЈА ВРАЧИ ПОЧЕСНАТА НАГРАДА “ИЛИНДЕН” НА ХАЛИТ ХАБИП ОГЛУ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА ТУРЦИТЕ ОД ЗАПАДНА ТРАКИЈА ВО ЕВРОПА И ПОТПРЕСЕДАТЕЛ НА ФУЕН




Претседателот на македонското друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај, во рамките на ФУЕН Конгресот во Берлин на г-дин Халит Хабип Оглу, претседател на Федерацијата на Турците од Западна Тракија во Европа и потпреседател на Федералната унија на европските националности му ја врачи почесната награда “Илинден”. “Огромна чест ми беше во името на Македонското друштво “Илинден”-Тирана и во името на Македонско национално малцство во Република Албанија лично да му ја предадам почесната награда ”Илинден” на г-дин Халит Хабип Оглу, претседател на Федерацијата на Турците од Западна Тракија во Европа и потпреседател на Федералната унија на европските националности ”, рече Ѓургај. Г-дин Халит Хабип Оглу, претседател на Федерацијата на Турците од Западна Тракија во Европа со седиште во Витен, Германија и потпреседател на Федералната унија на европските националности ги поздрави сите заложби, посветеноста и ангажманот на македонското друштво “Илинден”-Тирана во насока на унапредување на позицијата и правата на Македонско национално малцство во Република Албанија, додека г. Ѓурѓај искажа благодарност за односот и заземањето на Претседателот Халит Хабип Оглу, за Македонците во Република Албанија за време на неговите три мандати како потпреседател на Федералната унија на европските националности, за што и со посебно задоволство ја врачи наградата. Никола Ѓургај изрази надеж дека таа соработка и релации ќе продолжат и во иднина, и дека секоја негова заложба за Македонско национално малцство во Република Албанија е добредојдена и високо ценета. Наградата “Илинден” е воведена по повод јубилејот 10 години постоење на друштвото. Се доделува на личности кои дале посебен придонес за животот, историјата, културата и зачувувањето на автентичните традиции на Македонците во Република Албнија. Годишен добитник на наградата, беше и г-дин Халит Хабип Оглу, претседател на Федерацијата на Турците од Западна Тракија во Европа со седиште во Витен, Германија, и потпреседател на Федералната унија на европските националности.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ МУ ЈА ВРАЧИ БЛАГОДАРНИЦАТА ”ИЛИНДЕН” НА МАТИЦ ГЕРМОВШЕК ЖНИДАРШИЧ, КООРДИНАТОРОТ НА РАБОТНА ГРУПА НА СЛОВЕНСКИ МАЛЦИНСТВА (АГСМ) ПРИ ФУЕН



Претседателот на македонско друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај во рамките на ФУЕН Конгресот во Берлин му ја врачи Благодарницата ”Илинден” на г-дин Матиц Гермовшек Жнидаршич, координаторот на работна група на словенски малцинства (АГСМ) при Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН). Огромна чест ми беше во името на Македонското друштво “Илинден”-Тирана и во името на Македонско национално малцство во Република Албанија лично да му ја предадам на г-дин Матиц Гермовшек Жнидаршич, координаторот на работна група на словенски малцинства (АГСМ) при Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН), Благодарница ”Илинден” доделено во 2021 година на работна група на словенски малцинства (АГСМ) поради ковид пандемијата се додели во рамките на ФУЕН Конгресот во Берлин, рече Ѓургај. Г-дин Матиц Гермовшек Жнидаршич, се заблагодари во името на работна група на словенски малцинства (АГСМ) при Федералната Унија на Европските Националности (ФУЕН), г-дин Никола Ѓурѓај изрази надеж дека таа соработка и релации ќе продолжат и во иднина, и дека секоја негова заложба за Македонско национално малцство во Република Албанија е добредојдена. Наградата “Илинден” е воведена по повод јубилејот 10 години постоење на друштвото. Се доделува на личности кои дале посебен придонес за животот, историјата, културата и зачувувањето на автентичните традиции на Македонците во Република Албнија.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА СО СВОЈ ШТАНД НА КОНГРЕСОТ НА ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ ВО БЕРЛИН



Во главниот град на Сојузна Република Германија, Берлин се одржа 66 Конгрес на Федералната унија на европските националности, ФУЕН, на кој учествува и македонското друштво “Илинден“-Тирана. Дел од конгресот е и саемот на кој претставниците на малцинствата од Европа, на свои штандови претствија дел од традиционлани производи, како и пропаганден материјал. Македонско друштво “Илинден“-Тирана за трет пат со свој штанд, со производи кои Македонците во Република Албанија ги произведуваат, ајвар, ракија, вино. Македонско друштво “Илинден“-Тирана имаме пропаганден материјал на кој се претставени македонскиите носии, убавините на областите каде што живеат Македонците, како и примероци од единствениот весник на македонски јазик “Илинден“. Конгресот се организираше од четирите автохтони национални малцинства во Германија и малцинскиот совет, кој е домаќин на годинешниот конгрес на ФУЕН. Работата на Малцинскиот совет се состои првенствено од промовирање и заштита на правата и интересите на четирите автохтони национални малцинства во Германија, Фризите, Данците, Ромите и Лужичките Сорби. Македонското друштвото ”Илинден”-Тирана член е на ФУЕН е од 16 мај 2015 година и е дел од работната група на словенските малцинства. Во овој период редовно учествува на Конгреси и други активности, а по предлог на друштвото усвоена е и Резолуција за положбата на македонското малцинство во Албанија.



## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН“-ТИРАНА ЗА ВРЕМЕ НА КОНГРЕСОТ ОСТВАРИ СРЕДБИ СО ПРЕСТАВНИЦИ НА ФУЕН



Лорант Винце, претседател на Федералната унија на европски националности

Претседателот на македонското друштво “Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај учествуваше на Конгресот на Федералната унија на европски националности, што се одржа во Берлин од 29 септември до први октомври, најголемиот европски собир на национални малцинства и јазични групи. На Конгресот присуствува претставници на 105 организации членки од 36 земји. Покрај другите, во неговата работа учестуваше и претседателот на Македонско друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај. Она што беше исклучително позитивно за Македонците во Република Албанија беше фактот дека резолуцијата поднесена од Македонско друштво “Илинден“-Тирана се изгласана унинанимно од сите делегати на генералното собрание на Федералната унија на европските националности (ФУЕН) ќе се достави до сите релевантни институци во Република Албанија и сите релевантни меѓународните институции. Претседателот на Македонско друштво “Илинден“-Тирана, Никола Ѓурѓај за време на конгресот оствари средби со Лорант Винце, претседател на Федералната унија на европски националности, Халит Хабип Оглу, претседател на Федерацијата на Турците од Западна Тракија во Европа, Џени Џонс, координатор на Федералната унија на европски националности. Исто така, имаше средба со Евгенија Нацулиду, преставник на организација „Крсте Мисирков (Движење за промоција на македонскиот мајчин јазик)“ на македонското малцинство во Република Грција, Алис Блинцова, преставник на „Руско училиште во Естонија“, Сенгиз Ковач, претседател на друштво за млади на Турците во Република Косово.



Халит Хабип Оглу, претседател на Федерацијата на Турците од Западна Тракија во Европа




Евгенија Нацулиду, преставник на организација „Крсте Мисирков (Движење за промоција на македонскиот мајчин јазик)“ на македонското малцинство во Република Грција



Алис Блинцова, преставник на „Руско училиште во Естонија“ и Џени Џонс, координатор на Федералната унија на европски националности




Сенгиз Ковач, претседател на друштво за млади на Турците во Република Косово

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ ОСТВАРИ СРЕДБА СО МИНИСТЕР СОВЕТНИК, ЉУФТИМ СПАХИУ ВО АМБАСАДА НА МАКЕДОНИЈА ВО ТИРАНА



Претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај денеска во Амбасада на Република Македонија во Тирана оствари средба со Министер советник г-дин Љуфтим Спахиу. Претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, Никола Ѓурѓај на Министер советник г-дин Љуфтим Спахиу му го честита превземањето на функцијата и му посакал спех на високата дипломатска должност. На работната средба претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, го информираше Министер советник за најновите настани поврзани со актуелната положба на Македонците во Република Албанија, при што беа актуелизирани прашања кои се однесуваат на проблемите на македонско национално малцинство во Република Албанија. Воедно, Спахиу беше информирана и за активностите на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана, кое со години е активен субјект сред македоското национално малцство во Република Албанија. Низ дискусијата, Министер советник г-дин Љуфтим Спахиу, покажа исклучителен интерес за положбата на Македонско национално малцинство. На средбата, многу отворено, се разговараше за можни активности кои би помогнала за надминување на проблемите на Македонско национално малцство во Република Албанија на повеќе полиња. Секако, во опсегот на надлежностите, Спахиу искажа подготвеност да помогне за подобрување и унапредување на малциските права на Македонско национално малцство во Република Албанија. Со надеж дека Министер советник сесрдно ќе помогне во подобрување на положбата на Македонците во Албанија, претседателот на Македонско друштво “Илинден”-Тирана топло и се заблагодарува за срдечна средба.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ВИ ЧЕСТИТА СРЕЌЕН 26 СЕПТЕМВРИ ДЕНОТ НА ЕВРОПСКИТЕ ЈАЗИЦИ




Македонско друштво “Илинден“-Тирана по повод одбележувањето на 26 септември, Ден на европските јазици, упати честитка до сите Македонци со порака да го зачуваат мајчиниот јазик, бидејќи, како што посочува, тоа е најголемото обележје на националниот идентитет, но и да научат и други јазици, зашто тоа е алатка за стекнување поголемо меѓукултурно разбирање. Сакаме да го истакнеме значењето на образованието на мајчиниот јазик, бидејќи тоа е најважниот сегмент во негувањето на основните обележја на еден народ. Знаењето и негувањето на мајчиниот јазик за децата значи и јакнење и зачувување на националниот и културен идентитет, стои во честитката на друштвото, потпишана од претседателот Никола Ѓурѓај. Се додава дека важноста на јазичната разновидност и повеќејазичноста е нагласена на Европскиот ден на јазиците, кој секоја година

се слави со разни настани на 26 септември, по иницијатива на Советот на Европа од 2002 година. Од Друштвото посочуваат дека јазичната разновидност е алатка за стекнување поголемо меѓукултурно разбирање и важен дел од богатото наследство на европскиот континент. По повод овој ден Друштвото потсетува дека за жал и во 21 век Македонците во Албанија не може да се образуваат на мајчиниот јазик. И покрај континуираните барања во изминатите три децении од падот на тоталитарниот режим да се овозможи настава на мајчин македонски јазик, сите досегашни албански власти остануваат глуви и слепи на реалноста. Освен за децата во Пустец иако и таму нецелосно, настава на македонски јазик нема ниту во Гора, ниту во Голо Брдо, каде настава на македонски имало до педесеттите години од минатиот век, а да не зборуваме за Тирана, Елбасан и други градови каде што живеат илјадници Македонци, забележува друштвото “Илинден“.

## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ПРЕДЛАГА 21 МАЈ ВО АЛБАНИЈА ДА СЕ ПРОГЛАСИ ЗА ДЕН НА НАЦИОНАЛНИТЕ МАЛЦИНСТВА

Македонското друштво “Илинден”-Тирана предлага 21 мај во Албанија да се прогласи за Ден на националните малцинства во оваа земја. За таа цел друштвото испрати барање до претседателката на парламентот Линдита Никола, во кое стои дека 21 мај е и Светски ден на културната различност за дијалог и развој, па поради тоа го избрале и го сметаат за најсоодветен датум. Националните малцинства во Република Албанија се национално богатство и со неговото прогласување за државен празник во Република Албанија, сметаме дека е чекор напред за да се обезбеди видливост за националните малцинства и да се препознае нивната додадена вредност за нашите општества. Се надеваме дека барањето ќе биде прифатено и земено предвид од Ваша страна, стои во барањето на друштвото.



## МАКЕДОНСКО ДРУШТВО “ИЛИНДЕН”-ТИРАНА ДОСТАВИ БАРАЊЕ ДО ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА АЛБАНСКИОТ ПАРЛАМЕНТ ЗА ФОРМИРАЊЕ ДВЕ МАКЕДОНСКИ ОПШТИНИ, ГОЛО БРДО И ГОРА

Македонското друштво “Илинден”-Тирана достави барање до претседателката на албанскиот парламент Линдита Никола, и до комисија „За административно-територијална реформа во Република Албанија“ со кое од име на Македонците се бара формирање две општини Голо Брдо и Гора. Ова поради фактот што во тек е расправа на специјалната комисија за територијална поделба а барањето е врз основа на “Законот за заштита на националните малцинства во Албанија”. Според претседателот на друштвото Никола Ѓурѓај во образложението на барањето се наведени “основани причини за ова легитимно барање на Македонците од двете области”. По територијалната поделба во Република Албанија што се случи во 2014 година, областите Голо Брдо и Гора, каде живее македонско население останаа неразвиени. Исто така Македонците не се застапени во локалната власт. Во 2014 година, владата ги укина општините Требиште, Острени и Стеблево, во областа Голо Брдо и ги припои, првите две во општина Булќиза а општина Стеблево во општина Либражд. Општините Шиштавец и Запот во областа Гора, пак, по укинувањето се припоени кон општина Кукс, стои во образложението, информираше Ѓурѓај.
Наведуваме, додава тој, дека со формирање на областите во две општини ќе се придонесе во зачувувањето на македонскиот идентитет и побрз













економски развој.
Со формирањето на општините Голо Брдо и Гора ќе се заштити етничкиот, јазичниот, културниот и верскиот идентитет на македонското национално малцинство на овие простори. Воедно ќе ја зајакне економијата на жителите и ќе овозможи развој на областите, кои се најнеразвиени во државата, посочува тој. Исто така, нагласува тој, ја информираме претседателката на парламентот, дека и со резолуциите, предложени од друштвото а изгласани од Федералната унија на европските националности, ФУЕН, се поддржува формирање на споменатите две општини. Изразувајќи ја највисоката почит кон Вас и Собранието на Република Албанија, чиј прв човек сте, преку овој допис, бараме Специјалната комисија за територијална административна реформа во Република Албанија да го поддржи формирањето на општина Голо Брдо и Гора, стои во барањето.

## ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА МАКЕДОНСКО ДРУШТВО ”ИЛИНДЕН”-ТИРАНА, НИКОЛА ЃУРЃАЈ СЕ СРЕТНА СО ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА АЛБАНСКАТА АЛИЈАНСА ЗА ЕТИЧКИ МЕДИУМИ



Претседателот на Македонско друштво ”Илинден”-Тирана и главен и одговорен уредник на истоимениот весник на македонски јазик, се сретна со претседателот Алијансата за етички медиуми (АЕМ) Колорето Цукали и Марк Марку член на Одборот за етика. Ѓурѓај му се заблагодарил на Цукали за приемот на македонскиот весник “Илинден“ како дел од платформата на Алијансата каде членуваат 29 печатени и аудиовизуелни медиуми во Република Албанија. На работната средба ги информирав соговорниците за најновите настани поврзани со актуелната положба на Македонците во Република Албанија. Секако и за работата на редакцијата на весникот, рече за Македонски весник “Илинден”, Ѓурѓај. Македонскиот весник “Илинден“ стана дел од платформата Алијанса за етички медиуми (АЕМ) во почетокот на јуни годинава, каде членуваат 29 печатени и аудиовизуелни медиуми во Република Албанија.
Алијансата ги штити своите членки од не фер притисоци и напади. Таа е доброволна група албански медиуми посветени на строго спроведување на етичкиот кодекс на новинарите. Мисијата на Алијансата за етички медиуми е да промовира квалитетно известување во сите форми со цел да и покаже на јавноста дека членовите на Алијансата се сигурни извори на информации, додава Ѓурѓај. Македонскиот весник “Илинден“ е првиот весник на македонското малцинство во Република Албанија, кој е дел од платформата на АЕМ, а воедно и првиот весник на националните малцинства во Република Албанија член на Алијансата.

## ОРА ЊУЗ: ЖИТЕЛИТЕ НА ГОЛО БРДО БАРААТ ИНВЕСТИЦИИ ОД ВЛАДАТА



Жителите на областа Голо Брдо на границата со Македонија се чувствуваат заборавени и напуштени од албанската влада. Состојбата на патот, мостот на Черенец-Требиште, според нив, е доказ за недостиг на внимание, што доведува до напуштање на руралните средини, стои во прилогот на албанската телевизија Ора Њуз. Ваква е состојбата на патот, мостот на Черенец-Требиште, на границата помеѓу Албанија и Македонија. „Патот е скандал. Од Нур и Залит до Требиште не е ставено рака“, вели еден жител. За жителите од областа Голо Брдо, во општина Булќиза, тоа е доказ за напуштеност и заборав од албанската влада. Овие села се завршени. Тие се запоставени. Не знам дали сме живи или мртви, особено за областа на Дебар. Велат дека нема никаква реакција од институциите за нивните загрижености, додека како награда добиле само празни ветувања. „Каналите и одводните линии не се изградени 20 години“, рече тој. Патот, мостот на Черенец-Требиште е во надлежност на Албанската патна управа Жителите на Голо Брдо поминуваат два гранични премини во Македонија за да одат во центарот на општината во градот Булќиза за да добијат услуга, бидејќи патот што го поврзува подрачјето на Голо Брдо со Булќиза е амортизиран и неасфалтиран.

## ФЕДЕРАЛНАТА УНИЈА НА ЕВРОПСКИТЕ НАЦИОНАЛНОСТИ: СЕ НАМАЛУВААТ ЛИ ЈАЗИЧНИТЕ ПРАВА ВО ЕУ?



Дојде време за стратегија ширум Европа, која треба да гарантира постојано унапредување и остварување на правата на националните и јазичните малцинства – ова беше заклучокот од јавната конференција „Да дејствуваме против падот на јазичната различност во Европа и за промоција. на националните и јазичните права на малцинствата!", одржана на 7 септември во Брисел, во Европскиот парламент. ФУЕН на состанокот беше претставена од потпретседателката Ангелика Млинар и претседателот Лорант Винче во двојна улога како европратеник копретседавач со Интергрупата за традиционални малцинства, национални заедници и јазици, која го организираше настанот со поддршка на ЕПП, СД, Обнови и Зелените/ЕФА групите.
Меѓупартиската Конференција, која имаше за цел да ги обедини актерите и засегнатите страни кои работат на промоција и заштита на јазичната различност и националните и јазичните права на малцинствата, беше отворена од Фернан Де Варен. Специјалниот известувач на ОН за малцинствата уште еднаш јасно стави до знаење дека правата на малцинствата се човекови права, дури и ако на некои места не се сметаат така, а тоа особено важи за јазичните права. Според него, она што го гледаме денес не е еволуција, дури ни стагнација, туку уназадување на правата на малцинствата во Европа, во повеќето случаи во однос на јазичните и образовните права. „Загрижувачки е тоа што и покрај поддршката од повеќе од еден милион луѓе, Европскиот парламент и многу национални и регионални парламенти, Европската комисија одлучи едноставно да ја отфрли иницијативата за малцински SafePack. Ова не е кохерентна одлука", рече г-дин де Варен. Тековната состојба на MSPI ја претстави Ангелика Млинар. Таа ја прераскажува приказната за иницијативата за заштита на малцинствата во ЕУ, велејќи дека „сметаме дека има многу добри шанси Европскиот суд на правдата да го поништи соопштението на Европската комисија во врска со MSPI и дека Комисијата ќе мора да го преиспита нејзината одлука". Случајот моментално е во средина на правна постапка и пресудата на ЕСП се очекува до крајот на 2022/почеток на 2023 година. „Нашата главна цел е да ја подигнеме свеста за важноста на заштитата на малцинствата на ниво на ЕУ надвор од границите . (...) И покрај тоа што Комисијата ги отфрли нашите барања од MSPI, темата не може да се отстрани од дневниот ред. Овој неверојатен бран на лобирање конечно успеа.
Постигнавме барем заложба за заштита на националните и јазичните малцинства во заклучоците на Конференцијата за иднината на Европа, а нашето барање за формирање Центар за јазична разновидност се одрази и во заклучоците. Потпретседателот на ФУЕН истакна дека тоа што успеавме да го добиеме новиот коалициски договор на актуелната федерална влада во Германија да вклучи „проактивна имплементација на MSPI" беше еден од нашите големи успеси во последниот период. Коалиционите партии работат во тесна соработка со ФУЕН на акционен план со кој ќе се направи преглед на состојбите во оние области каде тоа е можно и ќе се идентификуваат конкретни мерки за спроведување на барањата на MSPI „Токму ова е патот што сакаме да го продолжиме. Наша цел мора да биде и другите земји од ЕУ да преземат такви иницијативи и мерки во областа на јазичната промоција и образованието на јазиците на малцинствата и со тоа да дадат добар пример", истакна таа. Во своите завршни зборови, претседателот на ФУЕН, европратеникот Лорант Винче претстави скратен список на главни идеи кои би можеле да ја дефинираат идната работа на сите страни заинтересирани за заштита на малцинствата. Според ова, на ЕУ и треба сеопфатна и заедничка правна рамка за заштита на националните и јазичните малцинства; ЕУ треба да ги заштити и промовира малцинствата преку зајакната соработка со меѓународните организации, особено со ОН и ЕУ треба да обезбеди целосна заштита на европските јазици, давајќи им највисок можен степен на признавање; треба да вклучи и следење на состојбата на малцинствата во кругот на владеење на правото; ЕУ треба да се бори против секаков вид дискриминација против националните и јазичните малцинства и треба да обезбеди прекуграничен пристап до аудио-визуелните услуги за јазичните малцинства. Тој, исто така, ја спомена идејата дека ЕУ треба да има „Европска година на националните и јазичните малцинства" со цел да се обезбеди видливост за националните и јазичните малцинства и да се препознае нивната додадена вредност за нашите општества.

## МИНИСТЕРОТ ЗА ПРАВДА НИКОЛА ТУПАНЧЕСКИ ОСТВАРИ СРЕДБА ВАСИЛ СТЕЈРОВСКИ, ПРЕТСЕДАТЕЛ НА МАКЕДОНСКАТА АЛИЈАНСА ЗА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА



Министерот за правда на Македонија, Никола Тупанчески за време на работната посета на Албанија се сретна со Васил Стејровски, Претседател на Македонската алијанса за европска интеграција. На средбата се разговараше за правата на македонското национално малцинство во Република Албанија. Беа отворени повеќе прашања за унапредување на статусот на Македонците во албанското општество, како и за начините врз основа на кои Република Македонија и Република Албанија, во рамките на својата соработка можат да го помогнат овој процес. Во таа насока во континуитет се преземаат активности за обезбедување на институционална поддршка за заштита и унапредување на културниот и јазичниот идентитет на македонското национално малцинство. На средбата која се одржа во македонската амбасада во Тирана присуствуваше и Амбасадорот Данчо Марковски.

## МАКЕДОНЦИТЕ ВО ТРЕБИШТЕ, ОБЛАСТА ГОЛО БРДО, СО ДВА НОВИ МОСТА И СЕРИОЗЕН АНГАЖМАН ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАТИШТАТА





Градоначалникот на Општина Булќиза, Лефтер Ала придружуван од Едмонд Османи, администратор на админстративната единица Требиште во областа Голо Брдо, присуствуваа на започнувањето со изградба на два моста. Исто така, во нивната агенда беше и систематизацијата на патишта со што треба да се олесни движењето на жителите во село Требиште. Во таа прилика, градоначалникот Лефтер Ала истакна дека со ова инвестиција ќе се подобри патна инфраструктура за жителите од село Требиште во областа Голо Брдо. Ваквата инвестиција е исклучително важно за жителите на голобрдските села бидејќи многу малку има било каква активност во поранешната административна единица Требиште.
Во блиското минато овој дел од областа Голо Брдо беше Општина Требиште, но таа беше укината со носењето на последниот Законот за територијална поделба во Република Албанија.
Тогаш беа целосно запрени сите вложувања на албанската држава во овој дел, каде живее македонско население. Поради тоа, секоја најава и активност во насока на подобрување на животот на Македонците во с. Требиште и во областа Голо Брдо е добредојдена.

## МИТРОПОЛИТОТ НА АПОЛОНИЈА И ФИЕР Г, НИКОЛАЈ ОД ПРАВОСЛАВНАТА ЦРКВА НА АЛБАНИЈА ВО ПОСЕТА НА СВЕШТЕНАТА БИГОРСКА ОБИТЕЛ



Во посета на Свештената Бигорска Обител денеска дојде Неговото Високопреосвештенство Митрополитот на Аполонија и Фиер г, Николај, од Православната Црква на Албанија. Во неговата чесна придружба беа: нашиот сакан презвитер отец Николај од Тирана, ѓаконот Николај и десетина православни верници од Фиер. Ценетиот Владика и неговите сопатници беа пречекани достоинствено од нашиот Старец и Игумен, Епископот Антаниски г. Партениј и од присутните браќа во Манастирот. По многулетието и објаснувањето во храмот, гостите беа примени во големиот синодикон, каде што разговараа со Старецот за повеќе актуелни

теми во Православието. Во продолжение, Архимандритот Доситеј им ги покажа главните содржини на манастирот, вклучувајќи ја Книгохранителницата. Таму, во Книгата за впечатоци Митрополитот г. Николај го напиша следново: „Светиот Дух, Кој го просветлува секој човек што доаѓа на светов, да ги просветува и да им дава сили на браќата монаси кои се молат и се подвизуваат во овој свет манастир. Со благослов и љубов во Христа, Митрополит на Аполонија и Фиер Николај".

## СОВЕТОТ НА ЕВРОПА УСВОИ РЕЗОЛУЦИЈА ЗА ПОДДРШКА НА ЕВРОПСКАТА ПЕРСПЕКТИВА НА ЗАПАДЕН БАЛКАН




Парламентарното собрание на Советот на Европа денеска усвои резолуција за поддршка на европската перспектива на Западен Балкан, повикувајќи на нов поттик во процесот на проширување на ЕУ и барајќи од Западен Балкан веднаш да се справи со клучните предизвици со кои се соочува. На пленарната седница во Стразбур, како што пренесува МИА, за усвојување на резолуцијата гласаа 134 пратеници, тројца беа против, а тројца беа воздржани. Во резолуцијата усвоена денеска се наведува дека зајакнувањето на демократската отпорност и почитувањето на владеењето на правото и човековите права, промовирањето на помирувањето и добрососедските односи, како и создавањето услови за посилен економски и социјален напредок во регионот претставуваат геостратешка инвестиција во мирот, стабилноста и демократска безбедност за цела Европа. Парламентарното собрание на СЕ, како што е наведено, цврсто верува дека помагањето на Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Црна Гора, Србија и Косово да ги исполнат нивните аспирации за поблиска европска интеграција е важно не само за тие земји, туку и за Европа, и дека тоа ќе биде од придобивките на европските граѓани. Се потсетува дека од самитот во Солун во 2003 година, посветеноста на проширувањето постојано ја потврдуваат лидерите на ЕУ и на Западен Балкан, но дека со текот на времето се намалува политичкиот момент и ентузијазмот на јавноста. Во исто време, се повеќе луѓе во регионот, особено младите, се песимисти за изгледите за влез во ЕУ. „Европската визија го губи својот сјај. Наместо тоа, повторно се појави етно-национализам, што е многу загрижувачки развој во регионот каде што спектарот на насилство е сѐ уште голем", се наведува во резолуцијата. Понатаму се наведува дека „императив е Западен Балкан да остане во фокусот". ПССЕ бара да се даде нов поттик на процесот на проширување на ЕУ, а од Западен Балкан се бара веднаш да се справи со предизвиците, како што се поларизираната политичка клима, сериозните проблеми во владеењето на правото и доброто владеење кои негативно влијаат на независност и непристрасност на судството и функционирањето на јавната администрација прашања поврзани со правата на националните малцинства и малцинските заедници, проблеми со слободата на медиумите и сопственоста на медиумите. Исто така, се посочува дека се неопходни поголеми напори со цел зајакнување на помирувањето, како и ангажман на граѓанското општество. Се наведува и дека  Советот на Европа треба да ги удвои напорите за да му помогне на Западен Балкан да постигне опиплив и мерлив напредок во исполнувањето на критериумите за проширување на ЕУ.

## ВО СЕЛО СТУДЕНО, ОБЛАСТА ГОЛО БРДО Е ПОСТАВЕНО ИНСТАЛАЦИЈАТА ВО ЦЕНТАРОТ НА СЕЛОТО СО ИМЕТО НА СЕЛОТО




Во село Студено, адмнистративната единица Стеблево областа Голо Брдо е поставено инсталацијата со името на селото во центарот на селото како место за пријавување. Македонците од село Студено, барат да се зголеми вниманието од страна на адмнистративната единица Стеблево и Националниот парк Шербеник – Јабланица за промоција на туризмот во овој регион.

## УСПЕШЕН НАСТАП НА МЛАДАТА ПИЈАНИСТКА МАЗНЕЈКОВА ВО ТИРАНА




Во организација на Македонскиот културно-информативен центар во Тирана, настапи млада пијанистка Ивана Мазнејкова, која го отвори фестивалот „Магична флејта“ во Тирана. Таа, пред многубројната публика се претстави со три дела од композиторот Сезар Франк. Како што информираат од Македонскиот културно-информативен центар во Тирана, нејзиниот настап беше бравурозен, нежен и мајсторски, иако има само 16 години, на што публиката возврати со многу емоции. Директорот и композитор на фестивалот, Фатос Керимај, воодушевен пред публиката изјави: „Таа свири различно од сè што сум слушнал, јас и предвидувам блескава иднина“. Веднаш после настапот, мнозина од публиката, посакаа да се фотографираат со неа.

**ИМПРЕСУМ:**

Издавач: Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Главен и одговорен уредник: Никола ЃУРЃАЈ
Лектура: Естела КАРАМЕШИНОСКА
Компјутерска обработка: Анита МИЛЕВСКА
Печати: Печатница Абази - Тирана
Фотографии: Редакција на Македонски весник “Илинден” и Македонско друштво “Илинден”-Тирана
Адреса: Rruga “Mihal Grameno“ Nr. 167, Tirana, Albania
Телефон: +355 69240 1778
E-mail: drustvo.ilinden.tirana@live.com
www.ilinden-tirana.com
www.vesnik-ilinden.com

**© Македонски весник “Илинден” - Сите права се задржани. Не е дозволено копирање, умножување или понатамошна репродукција или дистрибуција на делови или на целото издание во печатени или електронски медиуми без претходно добиено одобрение од издавачот.**



Црква Свети Спас село Горно Крчиште областа Полени, Маќелара изградена 1270 година споменик на културата под заштита на државата од 1970 година